**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ТОП ВЕСТИ:**

- Министерот Перински во посета на Делчево
- Се реконструираат улици и се гради гради инфраструктура во неколку населби во Делчево
- Нов стандард во работата на Советот: отворена Седница за прашања од советници и од граѓани
- Работна средба меѓу Општина Делчево и бизнис-заедницата

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 49 ФЕВРУАРИ 2026

## Министерот Перински во посета на Делчево




**Се реконструираат улици и се гради гради инфраструктура во неколку населби во Делчево**



**Нов стандард во работата на Советот: отворена Седница за прашања од советници и од граѓани**



**Работна средба меѓу Општина Делчево и бизнис-заедницата**



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Советот на Општина Делчево ја одржа Петтата седница

Советот на Општина Делчево на својата 5 Седница расправаше и донесе акти по 21 точка од предложениот Дневен ред.

На Седницата, советниците донесоа Одлука за прифаќање на донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата BIDI DOBAR A NJ NONPROFIT CORPORATION 0451161055, со седиште на 43 4 th STREET PEQUANNOCK, NEW JERSEY 07440. За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу градоначалникот на Општина Делчево, како примател на донацијата и давателот на донацијата. Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во противпожарна опрема и тоа: 25 пара јакни; 25 пара панталони и 10 пара пожарникарски чизми.

На истата Седница беа донесени одлуки за определување на висината на надоместокот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево и на членовите на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Согласно со одлуките: претседателот и членовите на Управниот одбор на ЈКП БРЕГАЛНИЦА Делчево имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управниот одбор на ЈКП. Висината на месечниот надоместок изнесува 2.000,оо денари на претседателот на Управниот одбор на ЈКП и 1.500,оо денари на членовите на Управниот одбор; додека висината на месечниот надоместок изнесува 1.500,оо денари на претседателот на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие и 1.500,оо денари на членовите на Надзорниот одбор на ЈКП.

Советот на Општина Делчево го утврди Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесено од градоначалникот на Општина Делчево за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, овластен инспектор за патишта помеѓу Општина Делчево и Општина Штип. Утврдениот предлог ќе се достави до Општина Штип заради донесување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка. Исто така, на Седницата, советниците донесоа Одлука со која го утврдија Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка поднесено од градоначалникот на Општина Делчево за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, овластен инспектор за домување помеѓу Општина Делчево и Општина Штип. Утврдениот предлог ќе се достави до Општина Штип заради донесување Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка.

Советот на Општина Делчево **даде согласност** на Одлуката на Училишниот одбор во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за отуѓување електронски електричен отпад за кој сметководствената вредност е нула, а кој поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користи и не може да се дадат на користење, да се продаде или да се размени.

Советот на Седницата донесе Решение со кое за член на УО на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево од Општина Делчево ја предложи Сузана Петровска. Советот даде согласност и на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП„Брегалница“-Делчево за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево, како гаранција за обезбедување плаќање на даночен долг на рати.

Советниците едногласно ја донесоа Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево за 2026 година;

На Седницата се донесоа и 10 одлуки со кои се утврди потребата од донесување урбанистичко планска документација за бесправно изградени објекти надвор од плански опфат по барање на граѓани, а се донесе и Одлука за финансиска помош на Драган Георгиев од с. Илиово.

Совет на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

# Нов стандард во работата на Советот: 6 Седница отворена за прашања од советници и од граѓани



Шестата седница на Советот на Општина Делчево демонстрираше нов стандард во работата на Советот-отворена седница за прашања од граѓаните и советниците. На отворената Седница на Советот присуствуваа претставници на сите локални институции и градоначалникот на Општината, Иван Гоцевски, а Седницата предизвика и голем интерес кај граѓаните кои доставија голем број прашања кои се однесуваа на работата на локалните институции. Граѓаните, меѓу другото, се интересираа за: започнување со работа на новата детска градинка, решавање на проблемот со дивите депонии, редовното собирање смет, обештетувањето на граѓаните од штетите предизвикани од невремето во претходните години, подготвеноста на ТППЕ за справување со пожарите, проблемот со кучињата скитници и отворање стационар за кучиња скитници, решавање проблеми со инфраструктурата во селата, загаденоста со реката Желевица во с. Тработивиште, продолжување на канализацијата во с. Ѕвегор, отворање на библиотеката во с. Разловци, проблеми со јавното осветлување, чистење на ендеците-ендек Грозданец, изградба на нови пешачки скали меѓу Први и Втори Реон, работата на СОУ „М.М.Брицо“ и др.

Образложувајќи ја Седницата, претседателот на Советот, Стојменовски, потенцираше дека Советот на Општината воведува нов стандард за работа кој е во насока на зголемување на транспарентноста.

-Со воведување на овој нов стандард во работата на Советот, ние ја потврдуваме својата улога како тело што работи во интерес на граѓаните и ја негува практиката на отворено и одговорно управување. Отворената седница е силна порака дека општината е отворена, достапна и подготвена да ги слушне и да ги вклучи граѓаните во процесот на одлучување, порача Стојменовски.

Градоначалникот Иван Гоцевски кој одговараше директно на прашањата, повторно ја реафирмираше својата посветеност за транспарентно и отчетно работење нагласувајќи дека отвореноста кон граѓаните е континуирана практика, а не формалност. На Седницата тој истакна дека аргументираната дебата и јасните одговори се клучни за градење доверба и спречување дезинформации и непотребна паника.

Отворените седници на Советот на Општина Делчево ќе се практикуваат и во наредниот период.

Актуелности

# Министерот Перински во посета на Делчево




Министерот за локална самоуправа Златко Перински беше во работна посета на Општина Делчево во рамките на кампањата „Каде што срцето е дома“. За време на посетата, министерот оствари средба со градоначалникот Иван Гоцевски и заедно изврши увид во текот на градежните работи за реализација на проектот од ИПА-Програмата „Интегрирани прекугранични туристички акции во регионот Благоевград-Делчево“, вреден околу 1 милион евра.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека посетата на министерот е од исклучително значење и потврда дека општините не се оставени сами, дека имаат партнер во министерот и Министерството и несебична поддршка за реализација на проектите кои значат развој, одговор на потребите на граѓаните и носат подобар квалитет на животот на граѓаните.

– Посетата на министерот доаѓа во време кога во Делчево интензивно се работи на повеќе, значајни за граѓаните, инфраструктурни проекти. Со министерот направивме увид во текот на реализацијата на големиот ИПА- проект кој го работиме во партнерство со Општина Благоевград и е вреден околу 1 милион евра. Од нив Делчево реализира над 388 илјади евра во изградба на скејт-парк-ново катче за забава и рекреација на младите и дополнителна понуда во туристичкиот пакет на Делчево, а интензивно се работи и на изградба на кејот на Брегалница во должина од 300 метри возводно, нагласи Гоцевски.

Тој изрази благодарност за поддршката на Министерството за локална самоуправа за националното кофинансирање од 58 илјади евра-што значи поддршка во реализација на овој голем проект кој ќе ја промени на подобро сликата на Делчево и ќе донесе подобар квалитет на животот на граѓаните во пограничниот регион.

Во фокусот на разговорите беше и информацијата дека од минатата недела се активни двата јавни повика наменети за проекти што ќе придонесат за рамномерен регионален развој.

-Преку Програмата за намалување на диспаритетите и Програмата за рамномерен регионален развој се обезбедени вкупно 223.423.000 денари. Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој стојат на располагање на општините за споделување дополнителни информации и поддршка во процесот на аплицирање со предлог–проекти“, потенцираше министерот Перински.

Во рамките на посетата, министерот оствари средба и со општинската администрација и со советниците од Советот на Општина Делчево. На средбата се дискутираше за прашањата од значење за локалниот развој, за можностите кои им се ставени на располагање преку Ресурсниот центр , како и за процесот на ажурирањето на базите на даночните обврзници кој директно ќе придонесе кон зајакнување на самоодржливоста на општините.

# Започна реконструкцијата на Спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци

Актуелности



Започнаа градежните работи за непосредна заштита- конзервација и реставрација на Спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци. Проектот ќе се спроведува во 5 фази и предвидува конзервација и реставрација на кровот, конзервација на внатрешни и надворешни ѕидови, замена на дотраена столарија со столарија од трајни материјали и термопан стакло, конзервација и реставрација на партерот и на потпорните ѕидови со дренажа.

На почетокот на работите увид направи градоначалникот Иван Гоцевски заедно со претставници од изведувачот, градежниот и конзерваторскиот надзор, директорот на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, Златко Начовски, како и директорот на НУ Национален конзерваторски центар, Александар Јорданоски.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека овој капитален проект се реализира со поддршка од Владата на Република Македонија и заложбите на премиерот проф. д-р Христијан Мицкоски и ќе овозможи комплетно враќање на сјајот на Спомен-домот, симболот на првото организирано македонско востание и сведоштво за храброста и непокорот на нашиот народ.

–Кога зборувавме дека ќе го обновиме Спомен-домот посветен на Разловечкото востание, многумина ни се смееја и велеа дека тоа никогаш нема да се оствари. Денес, со мирна совест и со љубов ги потсетуваме дека ветувањата дадени пред граѓаните не биле празни зборови, туку јасна цел која чекор по чекор ја претвораме во реалност.

Со особено задоволство ја споделувам веста дека активно се работи на обновата на Спомен-домот во село Разловци – место кое има огромно историско значење за нашиот народ. Како градоначалник, останувам целосно посветен на зачувување на нашето културно и историско наследство. Разловци го заслужува ова, а нашите идни генерации заслужуваат да растат со чувство на гордост и припадност кон сопствената историја, порача Гоцевски.

Средствата за реставрација и конзервација на спомен –домот „Разловечко востание“ се обезбедени преку Министерството за култура и туризам.

Актуелности

# Прв состанок на Општинскиот штаб за заштита и спасување: Донесени заклучоци за надминување на потенцијална опасност



Општинскиот штаб за заштита и спасување го одржа својот Прв состанок на кој се разгледуваа барања од граѓани чиј имот и безбедност се во загрозувачка состојба од потенцијална опасност.

Состанокот го водеше заменичката-градоначалник Адријана Илиевска-Велковски, а присуствуваа претставници од МВР-ОВР Делчево, ДЗС, Центарот за кризи, претставници од Здравствениот дом, советници од Советот на Општина Делчево и административни службеници од Општина Делчево.

Согласно со првото барање, беше разгледувана состојбата со загрозен објект- семејна куќа на улица „Маршал Тито“ во Делчево, каде во непосредна близина се наоѓа карпест рејлеф на кој се евидентирани видливи напукувања. Увидот на стручните служби од Центарот за кризи и од Општина Делчево, констатираше структурни напукувања на карпата со потенцијал за натамошно ширење, постоење реална опасност од делумно или целосно обрушување на делови од карпата и потпорниот ѕид кон куќата, а евидентиран е и потенцијален ризик и за куќата која се наоѓа над карпата и потпорниот ѕид.

По образложението од претставниците од увидната екипа, Општинскиот штаб за заштита и спасување донесе заклучок за ангажирање на стручни институции, ИЗЗИС, Градежен факултет, Геолошки завод) да направат увид и да изработат стручна анализа со процена на степенот на ризик врз основа на што ќе се преземат следни активности.

По однос на второто барање доставено од правното лице ЛИКЕЈ-ДЕЛВИН, а се однесува на дефект на противпожарната водоводна мрежа на објект плинска станица во Делчево. Дефектот, како што беше потеницирано во барањето, може да го загрози објектот- плинска станица и претставува општа опасност која може да доведе до загрозување на имотот и животот на граѓаните. Поради нерасчистени имотно-правни односи со соседното правно лице, сопственикот на плинската станица не е во можност да пристапи кон санирање на дефектот.

По образложението, Штабот едногласно донесе заклучок со кој го задолжи ЈКП „Брегалница“ да изврши увид на дефектот кај станицата, да се констатира надлежноста и да се санира дефектот со цел да се спречи потенцијалната опасност, а доколку има потреба да се обезбеди и полициска асистенција.

# Започна изградбата на инфраструктура во населбата СРЦ

Актуелности




Започна изградбата на инфраструктурата во новата населба СРЦ во Делчево со што ќе се создадат предуслови за безбедно, функционално и модерно домување на жителите и современи урбани услови за развој на населбата.
Во моментов се гради подземната инфраструктура: атмосферска канализација во должина од 538, фекална во должина од 165м и водоводна во должина од 304 м. По завршување на изградбата на подземната инфраструктура, ќе се градат 3 улици во населбата со вкупна должина од 400 метри: улица 5, улица 6, улица 8.
Увид во градежните работи направи градоначалникот Гоцевски кој истакна дека изградбата на инфраструктурата во населбите во Делчево е стратешки приоритет и предуслов за рамномерен развој на урбаните зони и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.
Вкупната вредност на овој проект изнесува 10.204.477 ден. Средствата се обезбедени од Владата преку Министерството за транспорт и врски, а изведувач на работите е ДПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ експорт-импорт Штип.

# Заврши изградбата на детското игралиште во новата детска градинка во Расадник

Актуелности



Во новата детска градинка во населбата Расадник заврши изградбата на новото детско игралиште. Оплеменето како катче за игра и рекреација за најмладите, игралиштето нуди повеќе содржини, а е изградено врз безбедна подлога за дечињата.
Паралелно со тоа и согласно со проектот, во тек е изградбата на дворната ограда на детската градинка во должина од околу 200 метри. Уредувањето на дворот на градинката содржи и изградба на летниковец, пешачки патеки, поставување урбана опрема- клупи, канти за отпад и сл и тревна површина. Сите овие содржини, освен уреден и впечатлив објект, треба да ја дадат основната цел на новиот објект наменет за грижа за дечиња до 6-годишна возраст- безбеден престој и содржини кои позитивно ќе влијаат врз раниот детски развој.
Работите ги извршува фирмата ПАНЕЛ-М од Тетово, а вкупната вредност на договорот е 6,7 милиони денари со вклучен ДДВ.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Започна изградбата на ул „Видое Смилевски-Бато“



Започнаа градежните работи за изградба на улицата „Видое Смилевски-Бато“ во населбата Расадник. Во моментов се извршуваат земјени работи за изградба на улицата која ќе се гради во должина од 180 метри, а претходно за овој дел од населбата ќе се изгради и фекална канализација. Во проектот е предвидена изградба и на потпорен ѕид- како посебна заштита поради конфигурацијата на теренот.

Градоначалникот Иван Гоцевски изврши увид во текот на работите при што истакна дека со реализацијата на овој инфраструктурен проект, конечно, Општината конкретно одговара на потребите на жителите кои скоро половина век живеат без основната инфраструктура.

– Улицата се наоѓа во највисокиот дел во населбата Расадник, на тешко пристапен терен. Но, како одговорна локална власт, ние мора да овозможиме соодветна инфраструктура за сите жители. Реализацијата на овој проект ќе значи подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, современа сообраќајница и поголема безбедност во сообраќајот, а од друга страна, овој дел од населбата ќе добие современ урбан лик и нема повеќе да има калливи или прашливи улици. Воедно, сакам да најавам дека во наредната фаза ќе се проектира и улицата „Грозданец“ во населбата при што ќе се поврзат двете улици што верувам дека е голема потреба на жителите од овој дел од населбата, истакна Гоцевски.

Вредноста на работите за изградба на улицата „Видео Смилевски-Бато“ е 6,5 милиони денари, средства од Владата на РСМ преку Министерството за транспорт и врски, а работите ги изведува делчевската фирма СД-ТРАНС од с. Ѕвегор, Делчево. Работите треба да завршат до 01.09.2026 г.

Актуелности

# Почна изградбата на скејт-паркот





Делчево, конечно, ќе добие скејт- парк, катче за младите за рекреација и забава и уште една понуда спакувана во туристичката приказна на Делчево.

Деновиве започнаа градежните работи за изградба на скејт-паркот. Имплементацијата на оваа активност е во рамки на проектот **„Интегрирани преку гранични туристички акции во регионот Благоевград-Делчево“** со финансиска помош од програмата Interreg VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021 – 2027. Вредноста на овој проект е 2.403.000 ден, а работите ги изведува фирмата ПАНЕЛ-М.

Заедно со скејт-паркот се гради и кејот на река Брегалница возводно во должина од 300 метри со што се влијае врз потенцијалната опасност од поплави, а коритото на реката ќе се уреди со што ќе се промени сликата во централното градско подрачје, а ќе прерасне и во убаво место за рекреација. Покрај заштита на објектите од ерозија и поплави има за цел поврзување со спортскиот центар во Делчево и формирање на една целина која ќе биде во функција на спортот и рекреацијата. Ова се значајни инфраструктурни проекти кои влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните во пограничниот регион.

Заедно со овие два градежни проекти во фаза на развивање е и Маркетинг- стратегија за популаризација на туристички производ и поголем број други активности поврзани со јакнење на капацитетите и промоција на двата прекугранични региони во функција на туризмот. Проектот се имплементира во партнерство со Општина Благоевград, Здружението Регионален центар за застапување од Делчево и туристичкиот оператор „Алфатур“ од Благоевград.

# Започна реконструкцијата на ул „Индустриска“



Започнаа градежните работи за реконструкција на улицата „Индустриска“, каде се инвестираат над 20 милиони денари средства од Владата на РМ во два проекти. Улицата се реконструира во должина од 500 метри, односно од мостот на река Брегалница до клучката на транзитниот булевар „Македонија“. Работите ги изведува фирмата „Стојменов“ од Кочани која има обврска комплетно да ја реконструира улицата со ширина од 6 метри на коловозот, со поставување нов асфалт, замена на долен строј и реконструкција на тротоарите.

Увид во текот на работите направи градоначалникот Иван Гоцевски кој истакна дека „Индустриска“ прераснува во современа сообраќајница по сите стандарди.

-Со овие градежни зафати комплетно се решава еден од најголемите предизвици во изминатиот период и една од најфреквентните улици во градот и главна сообраќајница што го поврзува индустрискиот дел, градскиот пазар и населбите Расадник и Трети Реон, ќе добие нов урбан лик и ќе прерасне во современа сообраќајница која ќе даде поголема безбедност во сообраќајот за сите учесници. На оваа улица веќе почна да се применува привремен режим во сообраќајот и апелирам на почитување на поставената сигнализација, нагласи Гоцевски.

Вредноста на реконструкцијата е 11, 9 милиони денари, цена со ДДВ, а средствата се обезбедени од Владата на РСМ преку Министерството за транспорт и врски.

Инаку, претходно на оваа улица заврши и поставувањето на атмосферската канализација која е дел од проектот за изградба на атмосферска канализација во Централното градско подрачје во должина од над 1 000 метри и ги опфаќа улиците „Индустриска“ и ул „ЕДЕН“ во Централното градско подрачје. Со овој проект, конечно, се решава еден од најголемите инфраструктурни предизвици во овој дел на градот. Новата атмосферска канализациска мрежа во голема мера ќе ги зафаќа и атмосферските води од населбата Милково Брдо, а со тоа ставаме крај на децениският проблем со поплавите кои се случуваа и овие атмосферски води се спроведени во реката Брегалница. Вредноста на овие работи изнесува 8,4 милиони денари цена со ДДВ, а изведувач на работите беше фирмата ВОД-ВАР Инженеринг.

Актуелности

Актуелности

# Реконструкција на ул „Кочо Рацин“




Во населбата Милково Брдо се реконструира улицата „Кочо Рацин“. Согласно со проектот се реконструира подземната инсталација-реконструкција на старата водоводна мрежа и замена на старата инсталација со нова полиетиленска инсталација и реконструкција на коловозот на улицата во должина од 108 метри кој беше доста оштетен и предизвикуваше големи проблеми на жителите. Со овој зафат, жителите од улицата, но и сите кои гравитираат во овој дел на Делчево, ќе добијат современа сообраќајница, поголема безбедност во сообраќајот и современ пристап до своите домови.

Работите ги изведува ОСД Кирил- Штип, вредноста на проектот е 1,8 милиони денари. Средствата се обезбедени од Владата на РСМ.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Делчево го шири семејството на пријатели

Актуелности

Делчево воспоставува соработка со италијанскиот регион Пиемонте. Во моментов се вршат разговори и план за економска, културна и друг вид соработка со овој италијански регион. Градоначалникот Иван Гоцевски информира дека Делчево интензивно работи за проширување на соработката со други градови од други држави и веќе е воспоставена соработка со општини од Турција и Бугарија, а во фаза на разговори е соработка со три општини од регионот од Пиемонте.

Планираме одржување на зум- состанок со градоначалници од три општини Монфорте, Родино, Новело каде што живеат и работат многу наши сограѓани, не само од Делчево туку и од други градови од Македонија. Целта е да се продлабочи соработката и веруваме дека сето ова ќе вроди со плод. Соработката е замислена за збратимување, но таму постапките се поразлични и е потребна поддршка од ресорните министерства. Сепак, тоа не нè ограничува да имаме соработка на културно, историско и економско поле и во насока на изнаоѓање идни донации за институциите во Делчево, нагласи Гоцевски.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Смарт-Делчево нова дигитална алатка




Општина Делчево започнува со процес за имплементација на нова административно-дигитална платформа која ја нарековме „Смарт Делчево".

Оваа платформа подразбира воведување нов јавен административен и дигитален систем за поднесување, следење на текот и реализацијата на предлози, иницијативи и идеи од граѓаните, месните и урбаните заедници и граѓанскиот и бизнис– секторот преку кој граѓаните ќе имаат увид во текот на секоја иницијатива/барање/проблем/предлог/идеја.

Платформата ќе биде усогласена со актуелната позитивна законска регулатива, внатрешните процедури, протоколите и постапките за сите функционалности на Општина Делчево.

Целта на оваа дигитална јавна интернет алатка е зголемена транспарентност и ефикасност при постапувањето со пријавување, следење и брзо решавање проблеми под ингеренции на ЕЛС Делчево, ЈКП „Брегалница" Делчево, ТППЕ Делчево, преку која граѓаните ќе може да го следат текот и исходот од решавање на секој пријавен проблем.

# Работна средба меѓу Општина Делчево и бизнис-заедницата



Со присуство на голем број претставници од бизнис-секторот, во Делчево се одржа првата работна средба меѓу Општина Делчево и бизнис-заедницата од градот. Средбата беше на иницијатива на градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, а целта е унапредување на соработката и зајакнување на односите помеѓу бизнис– секторот и Општина Делчево во насока на креирање на идниот развој на Делчево.

Градоначалникот Гоцевски истакна дека општината претставува мост меѓу компаниите и централната власт и од таа причина е потребна интензивна меѓусебна соработка за да создадеме поволна деловна средина со можност за директна комуникација, вмрежување и подобро информирање за можностите за соработка.

На средбата беше детално образложен новиот Генерален урбанистички план, како стратешки документ што ја поставува визијата за понатамошниот просторен и економски развој на општината, план со кој се создаваат услови за нови инвестиции, проширување на индустриските и деловните зони, подобрување на инфраструктурата, отворање нови работни места и унапредување на квалитетот на живот за сите граѓани.

Градоначалникот Гоцевски најави формирање работно тело за локален економски развој кое ќе има активна улога во предлагање идеи, иницијативи и конкретни предлози што директно ќе се претвораат во проекти и дела од интерес на општината.

–Посебно внимание посветив на потребата да го задржиме младиот кадар и потенцијал во нашата земја, а пред сè во нашиот роден град Делчево. Верувам дека преку здрава економија, нови инвестиции и перспективни работни места, можеме да им дадеме реална причина на младите да останат и да ја градат својата иднина тука. Како градоначалник, останувам целосно посветен на отворена комуникација, транспарентна работа и заедничко носење одлуки, затоа што верувам дека само заедно можеме да изградиме модерно, економски стабилно и урбанистички уредено Делчево, истакна Гоцевски.

Во Општина Делчево во април оваа година ќе се одржи првиот Бизнис– форум кој треба да ги обедини бизнис-идеите, претставниците на бизнис-заедницата, Општина Делчево и потенцијалите за развој на Делчево, а во месец август, кога голем број иселеници се враќаат во Делчево, ќе се одржи и вториот Бизнис-форум, со што оваа соработка ќе добие континуитет и ќе прерасне во силна платформа за идеи, партнерства и нови можности.

Актуелности

Актуелности

# Формирани сите 28 месни и урбани заедници




Општина Делчево го заврши процесот на активирање на месните и урбаните заедници. Во транспарентен процес се формирани 28 месни и урбани заедници и за прв пат од формирањето на Општина Делчево има три жени претседатели на месни и урбани заедници и 13 жени членки на советите на овие тела што говори за интересот на жените да учествуваат во работите на телата кои се основна клетка во локалната самоуправа: Елвира Алириза, претседателка на УЗ Басарица, Слободанка Димитровска, УЗ Ново Делчево и Слободанка Митевска, престедателка на МЗ Вратиславци. Во процесот учествуваа вкупно 401 граѓанин од нив 372 се мажи и 29 се жени. На Општинската веб-страница се објавени избраните претседатели/ки и нивните контакти со цел полесна комуникација на секој од жителите на одредената заедница.

На 5 март во 18 часот во Мултифункционалниот центар во Спомен-дом АСНОМ ќе се одржи првата работилница на новоизбраните составите на советите и претседатели/ки на која ќе се разгледува Програмата за активностите на месните и урбаните заедници на територијата на Општина Делчево за 2026 г.

Инаку, започната е постапка за формирање на УЗ на новата населба Пролет која треба да заврши до крајот на месецот април оваа година.

# МЗ од с. Габрово во акција за решавање на приоритети




Жителите на с. Габрово организирани од МЗ на селото, деновиве самоиницијативно се организираа и го решија хроничниот проблем со затнатиот пропуст покрај локалниот пат Делчево-с. Габрово. Со механизација и рачно и со помош од ТППЕ Делчево беше исчистен пропустот во должина од над 10 метри кој го поплавуваше локалниот пат и околните површини заканувајќи се да го поткопа коловозот на локалниот пат кој води за с. Габрово.

Ова е втора самостојна активност на МЗ на ова село со кои новоформираната МЗ реши два приоритети дефинирани на состаноците на МЗ. Пред неколку месеци беше исчистена јавната површина околу селската џамија од отпад и дивоизраснати растенија.

За градоначалникот Гоцевски и оваа акција е добар пример како може иницијативите на граѓаните организирани преку месните заедници да се претворат во конкретни акции. Тој истакна дека активностите кои ги презема МЗ на с. Габрово се поттик и за другите месни и урбани заедници, а Општината секогаш ќе дава поддршка на ваквите и слични иницијативи кои доаѓаат од месните и урбаните заедници.

Актуелности

# Поставени контејнери за компостирање растителен отпад



Во рамки на проектот „Регионално управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион“, продолжуваат активностите кои носат директна корист за заедницата. Компанијата Enviroplan, ангажирана како надзор во спроведувањето на проектот, донираше 5 контејнери – компостери за компостирање на растителен отпад.

Компостерите се доделени на ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, СОУ „М.М.Брицо“, Здравствениот дом „Гоце Делчев“ и детската градинка „Весели цветови“.

Со оваа донација се овозможува правилно управување со биоразградливиот отпад, намалување на количините отпад што завршуваат на депонија и создавање навики кај најмладите за грижа кон животната средина.

Актуелности

# Нови мерки за поголема социјална сигурност



Во 2026 година, Општина Делчево ќе има на располагање поголем буџет за реализација на Програмата за социјална заштита. За реализација на Програмата за социјална заштита за 2026 година предвидени се вкупно **13.689.339 денари**, од кои **10.832.339 денари** ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Делчево за 2026 година, а 2.857.000 денари ќе бидат обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади и други институции.

Целта на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година е спречување и надминување на социјалните ризици во кои можат да се најдат ранливите категории на граѓани од нашата општина.

Остварувањето на социјалната заштита на граѓаните во Општина Делчево се врши преку низа мерки и активности предвидени во Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година. Во оваа година покрај веќе востановените мерки како што се: помош за социјално ранливи категории на граѓани и семејства, помош за лица/семејства погодени од несреќи и др. елементарни непогоди, помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот, помош и грижа за стари и изнемоштени лица, помош и грижа за лица со посебни потреби, помош и грижа за децата, промовирање и развој на нови социјални услуги, се **воведуваат и нови мерки кои ќе придонесат за социјална сигурност за одредени категории на лица/семејства и кои досега немале основ за остварување права од Програмата за социјална заштина на Општина Делчево.**

Новите мерки се однесуваат на следните категории на граѓани:

1. **еднократна** парична **помош** за еднородителски семејства во износ од 10.000 денари,
2. еднократна парична помош за лекување на онколошки пациенти во износ од 10.000 денари
3. еднократна парична помош за рехабилитација на ученици со мускулна дистрофија во износ од 20.000 денари.

Постапката за доделување парична помош е уредена во Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош.

# Формиран новиот состав на Советот за социјална заштита




Новиот состав на Советот за социјална заштита на Општина Делчево ја одржа својата Конститутивна седница на која беше избрано новото раководство на Советот. Со консензус на сите членови за претседател е избран Зоран Биковски, а за заменик-претседател Билјана Ѓеоргиевска.

На Седницата, новите членови на Советот се запознаа со активностите и мерките предвидени во Програмата за социјална заштита за 2026 г, а посебно внимание беше посветено на Планот за подготовка на Социјалниот план за период 2026-2030- значаен документ кој треба да ги опфати сите активности и мерки и услуги кои ќе се даваат на граѓаните.

Советот за социјална заштита ги има следните надлежности: изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ, предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Новиот состав на Советот за социјална заштита е формиран со Одлука на последната Седница на Советот на Општина Делчево и е со мандат од четири години. Инаку, ова е трет состав на Советот од првото формирање на Советот за социјална заштита на Општина Делчево во 2019 година. Досегашниот два состави на Советот за социјална заштита дадоа голем придонес за развој на социјалните услуги во општината и подготовката на Социјалните планови во период од 2020 до 2026 година.

Актуелности

Актуелности

# Нова манифестација во Делчево: Денови на пијанечкиот мед



Пчеларите од Делчево најавија востановување нова манифестација под наслов „Денови на пијанечкиот мед“ која има за цел афирмација и промоција на пијанечкиот мед како здрав и квалитетен еколошки производ. Ова го најавија делчевските пчелари од Здружението „Пијанечка пчела два“ на настан организиран по повод одбележување на празникот на пчеларите и нивниот заштитник, свети Харалампие.

На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски кој даде поддршка на работата на Здружението и истакна дека востановувањето на новата манифестација е во насока на зачувување на пчеларската традиција и на подигањето на свеста за значењето на пчеларството во руралниот развој на нашето Делчево и регионот.

– Манифестацијата „Денови на пијанечкиот мед“ треба да ја промовира вашата работа и нашиот мед создаден од пијанечките ливади и борови шуми во чиста еколошка средина. Несомнено е дека пијанечкиот мед е чист, природен и квалитетен производ, создаден со многу љубов и труд во пчеларниците на нашите вредни пчелари и заслужува да излезе од локални рамки и да биде препознат како наш своевиден бренд кој гарантира квалитет. Јас, како градоначалник, ќе вложам максимални напори оваа манифестација да прерасне во традиција, истакна Гоцевски.

Гоцевски нагласи дека Општина Делчево ќе продолжи да ги поддржува пчеларите преку мерки и активности што ќе овозможат подобри услови за работа, едукација и пласман на домашните производи.

Актуелности

# Ученици и наставници од Тирана на средба со градоначалникот



Новото партнерство градено врз новиот проект „Мостови на единство“ на СОУ „М.М.Брицо“ и Техничко – економското училиште во Тирана, донесе во Делчево 15 ученици и двајца наставници од ова училиште од Тирана, Албанија. Посетата на учениците на Делчево е во рамките на меѓународната образовна Програма „Super schools“, како една од активностите на проектот. Целта на заедничките активности на двете училишта е интеркултурна размена, со фокус на теми поврзани со идентитет, култура, едукација против говор на омраза, активно младинско учество и младинска врсничка едукација.

Во рамките на посетата во Делчево беше организирана и средба со градоначалникот Иван Гоцевски, каде се зборуваше за позитивите искуства од проектот, текот на имплементацијата на проектот кој е во насока на промовирање и подобрување на квалитетот на стручното образование, но и за очекуваните резултати од реализацијата на Проектот „Супер училишта“.

За градоначалникот Гоцевски размената на искуства, стекнатите нови пријателства и новите знаења се основа за развој на младите и тој изрази задоволство што двете училишта градат соработка која ќе даде придонес за проширување на видиците на учениците, размената на искуства, но и кариерен и личен развој.

СОУ „М.М.Брицо“ во рамките на проектот ќе биде домаќин на гостите од Тирана до 21 февруари, а во периодот од 23 до 28 март, нашите ученици ќе реализираат возвратна посета во Тирана.

Инаку, „Супер училишта“ е Програма на RYCO за училишна размена во регионот со цел да се поддржи процесот на градење мир и помирување и интеркултурното учење и дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници. Програмата е дел од мултидонаторскиот проект „Програма за размена на училишта во Западен Балкан“ кофинансиран од Европската Унија и германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) заедно со Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO).

# Алкохолот и воланот не одат во двојка



Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево заедно со ОВР Делчево и РЦГР – Исток ја реализираа еднодневната кампања по повод 14 Февруари – Свети Трифун и Денот на вљубените, под слоганот ВОЗИ БЕЗБЕДНО, ВОЗИ СО ЉУБОВ – СЕКОЈ ЖИВОТ Е ВАЖЕН, со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот.

На локалната патна мрежа и на Граничниот премин „Делчево“ претставниците од ОСБСП Делчево заедно со полициски службеници преку директна комуникација со возачите упатија апели за одговорно возење, посебно во денови кога се зголемува ризикот од управување под дејство на алкохол и им беа поделени едукативни материјали изработени од РСБСП со укажување на важноста од совесно и одговорно учество во сообраќајот за време на празникот!

Алкохолот сериозно ги намалува возачките вештини, ги нарушува психомоторните способности на возачите и ја намалува нивната способност за брзо и ефикасно дејствување во случај на непредвидни ситуации и закани во сообраќајот.

ОСБСП Делчево со совети до учесниците во сообраќајот:

– Доколку пиете алкохол – НЕ управувајте со моторно возило;
– Во патнички автомобил, на предното седиште НЕ СМЕЕ да се превезува лице кое очигледно е под дејство на алкохол;
– Возачот НЕ СМЕЕ да управува со возило во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возило ако е под дејство на алкохол;
– Кај професионалните возачи и возачите почетници НЕ Е ДОЗВОЛЕНО никакво количество алкохол во крвта;
– АКО ПИЕШ, НЕ ВОЗИ – АКО ВОЗИШ, НЕ ПИЈ!

# Меморандум за соработка со ДПСП „Осогово“



Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски и претседателот на Доброволната планинска спасителска служба „Осогово“ од Кочани, Гоце Исајов потпишаа Меморандум за соработка. Документот претставува значаен чекор кон зајакнување на безбедноста на граѓаните и посетителите на нашата Општина, особено во планинските подрачја.

Обврската на двете страни е заедничко и координирано имплементирање на сите предвидени активности во насока на подобрување на безбедноста на планина, побрза и поефикасна координација при интервенции, размена на знаења и искуства, како и заеднички активности насочени кон превенција обука и навремена реакција во случаи на несреќи и вонредни состојби.

Актуелности

# Меѓународна манифестација „Денови на Гоце Делчев“
# Одржан историски час за ликот и делото на Делчево




Делчево започнува со реализацијата на меѓународна манифестација посветена на Гоце Делчев која ќе обедини голем број настани и активности преку кои на достоен начин ќе се афирмира делото на Делчев, како на домашна сцена така и во меѓународни рамки. Ова го истакна градоначалникот на Делчево, Иван Гоцевски во рамките на своето обраќање по повод Историскиот час посветен на Делчев, а во рамките на одбележувањето на 154-годишнината од раѓањето на патронот на градот, Гоце Делчев, организиран од СОУ „М.М.Брицо“.

Гоцевски посочи дека манифестацијата ќе трае во текот на целата календарска година и ќе обедини низа настани: поетски читања, литературни конкурси, музички концерти, научни трибини, мултимедијални изложби, меѓународни средби, афирмативни училишни часови и сл.

**-Сакам да истакнам дека наследството на Делчев е нашиот аманет и како претставници на локалната власт и како народ во една современа држава. Затоа денеска зборуваме за неговото наследство, го промовираме неговиот лик и дело и од научен историски аспект даваме потврда за апостолот на македонската револуционерна борба. Целта не е само да се потсетиме за неговиот лик и дело, туку и да ја промовираме мислата на најмаркантанта личност од македонската историја- и младите генерации, идни градители на градот кој со гордост го носи неговото име, да знаат што е нивниот аманет, нагласи Гоцевски.**

**Историскиот час беше посветен на периодот во кој живеел и работел Делчев, на историските прилики, на неговиот лик и живот, но посебен дел беше посветен за улогата и дејноста на Делчев во Пијанечко-малешевскиот регион. Пред присутните гости и ученици говореа професори историчари: проф. Митко** Антовски, проф.Спиридон Митевски и проф. Билјана Петровска.

Култура

Култура

# Делчево одбележа годишнина од раѓањето на патронот Делчев




Со пригодни свечености, Делчево одбележа 154 години од раѓањето на патронот на градот, Гоце Делчев, апостол на револуционерната борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

По тој повод, за животот и делото на Гоце Делчев, реферат подготвија членови на КУД „Гоце Делчев“, а пред споменикот на Делчев во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, како и делегација од Советот на Општина Делчево, претставници од институциите, политички партии, здруженија на граѓани.

По повод годишнината од раѓањето на патронот на градот, градоначалникот Иван Гоцевски истакна дека Делчево треба да биде промотор на ликот и делото на Делчев, бидејќи -неговиот живот беше завет, а неговото дело е наш аманет и патоказ за нас и за идните генерации.

Во одбележување на годишнината од раѓањето на Делчево се вклучи и ЈЛБ „Илинден“. Заедно со петтоодделенците од ООУ„Ванчо Прке“ се презентираше дел од биографијата на Делчев, негови познати изреки и фотографии.

Култура

# Во чест на Февруарскиот поход засадени 82 садници




Во чест на 82- годишнината од Февруарскиот поход, денеска на Голак беа посадени 82 садници покрај спортското игралиште што ќе претставува жив споменик на едно бурно време и потсетник за жртвите во македонската борба за слобода и независност.

Засадувањето садници беше дел од пригодната свеченост организирана од Општина Делчево која се одржа пред спомен -плочата која го чува споменот за походот на Народноослободителната војска на Македонија која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на Источна, Централна и Западна Македонија. Дел од маршрутата на Третата борбена единица била и планината Голак заедно со Беласица, Плачковица и Осогово.

По повод годишнината од Февруарскиот поход, членови на КУД „Гоце Делчев“ преку рецитал потсетија на историските факти кои го одбележаа овој стратешки поход изведен во 1944г., по што пред спомен-обележјето се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево, предводена од градоначалникот Иван Гоцевски, делегација од Советот на Општина Делчево, претставници на политички партии и на здруженија на граѓани.

Градоначалникот Иван Гоцевски нагласи дека Делчево со почит ја одбележува мисијата на храбрите револуционери од Народноослободителната војска на Македонија истакнувајќи дека успешното изведување на Походот имало извонредно историско и воено значење за македонската антифашистичка борба.

Култура

# Здружението „Копачка: 2026 година е година посветена на народниот уметник Димитар Узунски и УНЕСКО



Централна активност во 2026 година на Здружението „Копачка“ и Општина Делчево ќе биде одбележувањето на пет години од смртта на народниот уметник Димитар Узунски, но и новиот 6-годишен Извештај за УНЕСКО.

Овие активности се приоритети за Здружението „Копачка“ коешто го чува од заборав националното и светското културно наследство запишано во УНЕСКО, орото „Копачка“, а беа истакнати на Годишното собрание на Здружението на кое присуствуваше и националниот координатор за Конвенцијата од 2003 година на УНЕСКО, Ивона Опетчевска – Татарчевска и по повод подготовката на новиот шестгодишен извештај.

Таа истакна дека соработката со Здружението трае повеќе од 15 години, а работата на номинацијата за впишување на традицијата во УНЕСКО започнала во 2011 година. Од 2013 година, како што појасни, извештаите ги подготвуваат национални координатори и се оценуваат според 26 индикатори, со што се вреднува и работата на Здружението и институционалната поддршка.

Претседателката на здружението, Перса Стојановска, информира дека на Собранието биле разгледани завршната сметка за 2025 година и Годишната програма за 2026 година. Таа најави дека и годинава ќе се реализира проектот „Копачка 2026“ преку Министерството за култура, а со поддршка на Општина Делчево ќе се реализираат низа настани поврзани со одбележување на петгодишнината од смртта на Пијанечкиот Цепенков, Димитар Узунски.

Култура

# Одржан натпревар по рецитирање



ЈЛБ „Илинден“ го одржа традиционалниот натпревар по рецитирање. Оваа година заедно со деветтоодделенците од двете основни училишта во градот ООУ„Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“ се покажа дарбата кон рецитирањето и со посебна чувствителност и посветеност се интерпретираше безвременската „Везилка“ од великанот на македонскиот јазик и литература, Блаже Конески.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска“ истакна дека со ваквите настани, библиотеката продолжува да ја негува љубовта кон литературата, поезијата и мајчиниот јазик поттикнувајќи ги младите да го почувствуваат богатството на македонскиот збор.

Комисијата за избор во состав: Билјана Стоиловска, наставник по македонски јазик во ООУ „Ванчо Прке“, Весна Ивановска, наставник по македонски јазик во ООУ „Св. Климент Охридски“ и Даниела Ѓеоргиевска, библиотекар во ЈЛБ „Илинден“ – Делчево, ги награди следните учесници: прво место за Јосиф Манов, второ место за Сара Димитровска и третото место го поделија Дарија Велинова и Бојана Мирчевска.

Култура

# Одбележан Денот на мајчиниот јазик




По повод 21 февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, ЈЛБ „Илинден“ – Делчево го одбележа со креативна и едукативна работилница посветена на старите македонски зборови кои денес ретко се употребуваат или се целосно заборавени потенцирајќи ја важноста од чувањето, негување и пренесувањето на мајчиниот јазик на идните генерации.

Директорката на библиотеката, Билјана Петровска истакна дека Меѓународниот ден на мајчиниот јазик се одбележа заедно со петтоодделенците од ООУ„СВ.Климент Охридски“ – Делчево.

Со оваа креативна и едукативна работилница, учениците имаа можност да ги запишуваат, да го откриваат значењето на старите зборови и да дознаат кои современи зборови ги замениле: абер, зијан, ѕрцала, ѓум, мастраф, тапија, баждарина, абдал, вршник, штембил, осојак и др. Со тоа, учениците имаа можност да ја согледаат богатата јазична традиција и да ја развиваат свеста за значењето на зачувување на мајчиниот јазик, посочи Петровска

Со одбележувањето на овој значаен датум, библиотеката продолжува да придонесува во негувањето на јазичната култура, поттикнувањето на љубовта кон пишаниот збор и зачувувањето на националното културно наследство.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**